Република Северна Македонија
Основен суд Крива Паланка
СУ.бр. 22/23-5
23-02-2023 година
Крива Паланка

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0307-860/1
22.02.2023 год.
СКОПЈЕ 5

**ДОГОВОР**

**за јавна набавка на дизел гориво**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**Носител на набавката: МАКПЕТРОЛ АД - СКОПЈЕ,** со адреса на ул. „Св.Кирил и Методиј" бр.4, Скопје, Единствен Даночен бр.4030954258093 и ЕМБС 4057643, жиро сметка бр.300000000126912, Депонент на: Комерцијална банка АД Скопје, застапуван/о од Директорот на Дирекцијата за големопродажба, Зоран Доневски
(во натамошниот текст: Носител на набавката),

и од другата страна
**Договорен орган :** Основен суд Крива Паланка, со адреса на ул. ,,Св. Јоаким Осоговски" бр.142 Крива Паланка, единствен Даночен бр.4015945101778 и ЕМБС 4027434, застапуван/о од Претседател на судот, Љубица Цветковска Стојановска,с.р.
(во натамошниот текст: Договорен орган**)**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на, 1.500 литри Еуродизел БС, по огласот за јавна набавка од мала вредност, оглас бр.01833/2023 објавен во ЕСЈН на 10.02.2023година, за службените моторни возила на Договорениот орган, сукцесивно за период од 12 месеци, а врз основа на донесената Одлуката за избор на најповолна понуда заверена со СУ.бр. 22/23-4 од 20.02.2023 година, согласно поднесената понуда од Носителот на набавката и одредбите на овој договор.

**Член 2**

Проценетата вредност на набавката од од член 1 на овој договор изнесува 97.245,00 денари без вклучен ДДВ, 17.504,00 денари ДДВ, вкупно со вклучен ДДВ 114.749,00 денари.

Конечната вредност на овој договор, ќе се утврди врз основа на конечната вредност на набавените количини на гориво, во периодот од 12 месеци.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целос вредноста на договорот.

**Член 3**

Цената на Еуродизел БС е променлива и се определува согласно одлуките за определување највисоки малопродажни цени на одделени нафтени деривати утврдени согласно Методологијата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија, важечка на денот на точење на горивото.

**Член 4**

Договорните страни се согласија да Носителот на набавката издаде безготовински картички на Договорениот орган. Корисник на безготовинската картичка што Носителот на набавката ја издава во смисла на став 1 од овој член е Основен суд Крива Паланка

Корисник на безготовинската картичка предмет на овој Договор ќе може да биде секое возило во сопственост на Договорениот орган.

**Член 5**

Безготовинската картичка што Носителот на набавката ја издава на Договорениот орган, може да се употребува од овластените корисници на возилата на сите продажни објекти на Носителот на набавката за купување на нафтени деривати од бензинските станици на МАКПЕТРОЛ АД - Скопје.

Договорениот орган е обврзник за плаќања на побарувањата што Носителот на набавката ги стекнал по основ на купопродажбата со безготовинската картичка.

Корисникот на возилото, со безготовинската картичка може кај сите продажни места на Носителот на набавката да купува нафтени деривати без да плати во готово, по исти цени и услови кој ги нуди продажното место на останатите купувачи само со презентација на безготовинската кртичка.

На продажните места не е дозволено, ниту корисникот може да бара врз основа безготовинската картичка да се исплатува готовински износ на пари.

**Член 6**

Безготовинската картичка ќе се издава на барање на Договорениот орган за возило што ќе го определи.

Со барањето Договорениот орган ќе определи и достави:

- Вид.марка на возило
- Регистарски број на возило
- Месечен лимит на потрошувачка искажан во денари за секое возило посебно
- Список на лица кои смеат да ја користат картичката и нивен матичен број во фирмата

Барањето ќе се смета за валидно ако е поднесено од законскиот застапник или од него овластено лице со приложено овластување.

**Член 7**

Договорениот орган се обврзува да со посебен договор го обврзе лицето кое управува со возилото да при користење на безготовинската картичка ги почитува особено следните правила:

- Безготовинската картичка да ја користи само за купување на нафтени деривати , односно не е дозволено земање на готови пари на основа истото;
- На барање на Носителот на набавката или на негово барање да ја врати картичката;
- Веднаш да пријави губење или кражба;
- Секое пресметковно ливче (сметка) за купена стока или услуга да го провери на самото продажно место и го потпише и евентуалните рекламации ги даде веднаш.

**Член 8**

При плаќањето со безготовинска картичка на корисникот на возилото ќе му се издава сметка во два примерока од кој едната за носителот на картичката и една за Договорениот орган. Сметката задолжително се потпишува од корисникот на возилото.

Проверката на сметката корисникот ја врши на самото продажно место и веднаш ги изјавува евентуалните забелешки, а по потпишувањето на сметката дополнителните рекламации нема да се признаваат.

**Член 9**

Носителот на набавката на секои 30 дена ќе изготвува фактура со спецификација на сметки за направени обврски.

Договорениот орган е должено во рок од 30 дена од датумот на секоја поединечна фактура да изврши плаќање на жиро-сметката на Носителот на набавката.

Доколку Договорниот орган плаќањето го врши после рокот утвден во став 2 од член 9 на овој договор, Економскиот оператор ќе засмета и наплати законска казнена камата согласност со законот за облигациони односи, сметано за целиот период на доцнење и ќе ги блокира картичките, со што ќе го спречи нивното поматамошно користење и ќе поведе судска постапка за наплата на главницата и каматата.

**Член 10**

Договорениот орган е должен веднаш писмено да го извести Носителот на набавката за:

- евентуалното отуѓување на возилото и таквата картичка да ја одземе од корисникот на возилото и ја достави до Носителот на набавката за поништување и
- губење или кражба на безготовинската картичка

Одговорноста за направените трошоци заклучно со денот на пристигање на пријавата за губење, кражба или повлекување на безготовинската картичка од промет, во седиштето на издавачот на картичките , ќе биде на товар на Договорениот орган.

**Член 11**

Во случај на злоупотреба на безготовинската картичка Носителот на набавката има право на својте продажните места да ја одземе безготовинската картичка од корисникот на возилото и за тоа ќе го извести Договорениот орган.

**Член 12**

Со цел да го заштити својот начин на работа или од други оправдани причини Носителот на набавката може да ги менува правилата и условите за користење на безготовинските картички на продажните места.

За измените и дополнувањата на овие правила Договорениот орган ќе биде известен по писмен пат, па доколку во натамошното користење на безготовинските картички не биде откажана ќе се смета дека промените се прифатени.

**Член 13**

Овој Договор може да се раскине во секое време на писмено барање на една од договорните страни. Со раскинување на договорот не престануваат обврските за плаќање кои се произлезени од овој договор.

**Член 14**

Договорот стапува во сила со денот на потпишувањето на истиот од двете договорни страни и со преземањето на безготовинските картички, со важност за период од една (1) година.

**Член 15**

За евентуално настанатите спорови по овој Договор месно надлежен за решавање ќе биде Судот во Скопје.

**Член 16**

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за Носителот на набавката и 2 (два) за Договорниот орган.

| | |
|---|---|
| **НОСИТЕЛ НА НАБАВКА** | **ДОГОВОРЕН ОРГАН** |
| **МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ,** | **ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА** |
| **Директор,** | **Претседател на судот,** |
| **Зоран Доневски** | **Љубица Цветковска Стојановска,с.р.** |

Изработил: М.М